# ЃУЗЕЛОВА
# GUZELOVA

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ
ДАУТ ПАШИН АМАМ
ART GALLERY SKOPJE
DAUT PASHA HAMAM

# ЛИЛЈАНА ЃУЗЕЛОВА

# LYLYANA GUZELOVA

ДЕКЕМВРИ, 1994 DECEMBER, 1994

Најновиот концепт на Лилјана Ѓузелова номиниран "Наспроти" на извесен начин, го означува процесот на разградбата на предходно промовираната идеја "Од волумен до плоха"

Наспроти вертикалата, волуменот, тродимензионалноста, моторичката акција (кружењето на рецепторот околу делото ) кои доминираат на претходната изложба, во најновиот проект на Ѓузелова тие им го отстапуваат местото на хоризонталата, плошноста, дводимензионалноста, статичноста во рецепцијата и рецепцијата на Гесталт теоријата (при што делото од една позиција се согледува во својот тоталитет).

Архетипската слика на инсталираните плоскно обмислени објекти ја препознаваме во историскиот културен контекст на различните цивилизации.

Генерирани од деструираната морфолошка структура на могилите, овие фунерарни форми реферираат една поинаква идеја од изворната. Со разоткривањето, разградувањето на архетипската слика на могилите, разградена е не само нивната митска-мистична претстава, туку се урива и есенцијалната идеја на Битието на сепулкралната архитектура.

Истражувачкиот дух на модерната археологија ја деструирал и (преку деконструкцијата) ја жртвувал трансцедентната идеја за сметка на разоткривањето на некогашната скриена кука на оностраното.

Внатрешното дејствие на оностраното е нарушено, прекината е реверзибилната нишка меѓу невидливото и невидливото, и воспоставена е релација туѓа за суштината на Битието на могилите. Во структурата на идејата на сепулкралната архитектура извршена е конверзија на претходната, нејзе иманентна, комуникациона сфера и воспоставена е својевидна интеракција помеѓу рецепторот и објектот на реципирањето.

По (археолошкото разоткривање на интерната претстава на могилите, Ѓузелова ја продолжува разградбата на миметичката слика.

The latest concept of Lylyana Guzelova, named "The opposite", signifies in a way a process of destruction of the previously promoted idea - "From volume to surface".

The vertical, the volume, the three-dimensional effect, the mobility action (circling of the recipient around the work), that dominated the previous exhibition, have given up their place to the horizontal, the flat surface, the two-dimensional effect, the static reception and to the reception of Gestalt theory (from a single point of view, the work is observed in its totality).

The archetype image of the installed, flat objects, is recognized in the historic cultural context of different civilizations.

Generating from a rather demolished morphological structure of tombstones, these burial forms talk about another kind of idea than the original one. The revealing, the destruction of the tombstones' archetype image, destructs not only their myth - mystical notion, but also the essential idea of the very being of grave desecration architecture, is destroyed.

The exploring spirit of modern archeology has destroyed and sacrificed the transcendental idea for the benefit of revealing the hidden home of the other side. The inner action of the other side is disturbed, the reversible link between the visible and the invisible is torn, and a relation is established that is alien to the essence of the tombstones being. Within the structure of the idea of desecration architecture, conversion is done over the previous communication sphere that is immanent to it, and a sort of an interaction is established between the recipient and the object of reception. After the revealing (archeological) of the internal notion of the tombstones, Guzelova continues with the destruction of the mimetic image. The restrictive measure of the aesthetic speech, is recognized mostly in the ground plan, in the elementary morphological structure.

Generating from vacuum, from the interstitial fissures of the dismembered geometric elements, over the configuration of the burial forms, we can read the reference of the long ago engraved iconic inscription.

Like mysterious epitaphs done under the surface

Рестриктивната мерка на естетскиот говор, пред сѐ, ја препознавме во тлоцртот, во елементарната морфолошка градба.

Генерирано од вакумот, од интерстицијалните процепи на расчленетите геометриски елементи, врз конфигурацијата на фунерарните облици ги исчитуваме референциите на дамна врежаното иконичко писмо. Како загадочни епитафи, под површината на широките, цврсти, студени, "рамничарски предели" на (металот) објектите, продираат (или понираат) темните линии, тесните патеки (од земја), вознемирувајќи ја емотивната итинерарна мапа на реципиторот.

Со помош на мапата (цртеж) и различното користење на земјата, Ѓузелова ја симулира третата димензија и се обидува да го воведе реципиторот на местото на Настанот, или како што би рекол Хајдегер на местото на случувањето на вистината.

Ситуирани во профаниот амбиент, тешките хтонски архитектонски форми дејствуваат синхронизирано, индицирајќи го женскиот принцип.
Екстерно - интерната суптилно еротизирана архитектонска слика на амамот, како и свеста за неговата некогашна функција ја антиципира фунерарната матрица на еросот. Во идејата на женскиот принцип (авторот - амбиентот - делото) профаните и сепулкралните архитектонски облици сплотени взаемно (физички и метафизички) содејствуваат провлекувајќи ја суптилната, невидлива нишка меѓу еросот и танатосот.

Аероперспективната позиција на перципирањето нуди фрагментарно реципирање. Интегралното восприемање на концептот на Ѓузелова подразбира разбивање на опсадата на хоризонталата. Реверзибилното дејствие меѓу амбиентот и објектите се одвива на релацијата длабочина - височина - длабочина. Под куполата, дискретно се спушта и се дисперзира природната светлина. Метафизичката аура која лебдее врз објектите има тенденција да ги смекне, да ги стопли студените остри рабови, додека привидно пасивната хоризонтала има интенција да ја впие леснотијата на

of the wide, hard and cold "flat grounds" of the (metal) objects, penetrate (or sink) dark lines, narrow paths (of dirt), disturbing the emotional itinerant map of the recipient.

Ba means of the map (drawing), and a different use of earth, Guzelova simulates the third dimension and tries to introduce the recepient to the very place of action, to the place in which truth is happening, as Heideger would say.

Situated in a profane ambiance, the heavy chthonic architectural forms act in synchronized manner, indicating the female principle. The externally internal, subtileiy erotic architectural image of the bath, and the awareness of its previous use, anticipates the burial matrix of the Eros. Within the idea of the female principle, (the painter-the ambiance-the work), the profane and desecration architectural forms which are joined together, correspond (physically and metaphysically), pulling through the subtle, invisible thread between the Eros and the Thanatos.
The bird's-eye view offers fragmentary reception. The integral reception of the Guzelova's concept includes braking up of the horizontal siege. The reversible action between the ambiance and the objects concerns the relationship of light-depth-height.
Natural light is descretely lowered and dispensed under the dome. The metaphysical aura that hovers over the objects, tends to soften and warm up the cold and sharp edges, while the apparently passive horizontal tends to absorbe the easiness of the ambiance. The eye of the recepient is focused on the epicenter of the event, on the destructed tissue of the spiral. Being set in the center of the inscribed cross, under the dome of the ambiance (the bath), its interrupted arc - course, tends to unite itself with the circle (the dome) that dominates above it. Tending to set themselves free from the gravity of the spiral centripetal force, the other objects, each of them individually, reflects its own force.

Objects II, III, and IV anticipate the penetration into the chthonic spheres, while objects V and VI suggest the double reflection, the overground, but also the introverted sphere. The silance spying through the cracks, under the metal surface, unites with the acous-

амбиентот. Окото на рецепторот е фокусирано во епицентарот на настанот, во разграденото ткиво на спиралата. Поставена во центарот на впишаниот крст, под куполата на амбиентот (амамот) нејзиниот прекинат лак - тек, претендира да се обедини со кругот, (куполата) што доминира над неа. Претендирајќи да се ослободат од гравитацијата на центрипеталната сила на спиралата, другите објекти, секој поединечно ја одразуваат сопствената внатрешна сила. Објектите II, III, и IV го антиципираат продорот во хтонските сфери, додека објектите V и VI ја сугерираат двојната рефлексија, надземната, но и интровертната сфера.

Тишината која демнее од нивните пукнатини, под површината на металот, се обединува со акустиката на онаа тишина што доминира со амбиентот, што стои како почесна стража над оностраното. Спокојот (молчењето е есенцијата на сепулкралната архитектура. Во неа нема место за гласна комуникација. Самиот настан нуди контенплација, бара молчење...

Конча Пирковска

tics of the silance which dominates this ambiance. Silance is the very essence of desecration architecture. It has no room for loud communication.

The event itself requires solidarity from the recepient, requires being quiet.

Written by
Konca Pirkovska

Translated into English by
Stanoevska Zaneta

Од проектот "Наспроти"
From the project "The Opposite"



1. Објект I, 1994
Object I, 1994
метал и земја, 250x250x5см.



2. Објект II, 1994
Object II, 1994
метал и земја, 290x125x5см.



3. Објект III, 1994
Object III, 1994
метал и земја, 125x150x8см.



4. Објект IV, 1994
Object IV, 1994
метал и земја, 125x170x5см.



5. Објект V, 1994
Object V, 1994
метал и земја, 125x125x3см.



6. Објект VI, 1994
Object VI, 1994
метал и земја, 200x60см.

## ЛИЛЈАНА ЃУЗЕЛОВА

Родена е 1935 во Чачак.
Филозофски факултет завршила 1959 во Скопје.
Студијски престојувала во Англија, САД, Франција и Русија.
Живее и работи во Скопје, ул.Караорман бр.24, тел.208-964

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1990 - Скопје, фоаје на МНТ
1994 - Скопје, Уметничка галерија Скопје

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1985/86 - Илок, Вуковар, Изложба на скулптури
1987 - Мурска Собота, VIII биенале на мала пластика, Галерија на културниот центар "Мишко Крањец"
- Белград, VII триенале на југословенска керамика
1991 - Панчево VI панчевачка изложба на југословенска скултура

## LYLYANA GUZELOVA

Born 1935 in Chachak. Graduated from the Faculty of Liberal Arts in 1959 in Skopje.
She has been on study trips to: England, USA, France and Russia.
Lives and works in Skopje.
Address: Karaorman 24, 91000 Skopje, Republic of Macedonia

ONE MAN EXHIBITIONS:

1990 - Skopje, Lobby of Macedonian National Theater
1994 - Skopje, Art Gallery - Skopje

GROUP EXHIBITIONS:

1985/86 - Ilok, Vukovar, Exhibition of Sculptures
1987 - Murska Sobota, The Eight Biennial of Mini Plastic, Gallery of the Cultural Centre "Misko Kranjec"
- Belgrade, The Seventh Trienial of Yugoslav Ceramic
1991 - Panchevo, The Sixth Panchevo Exhibition of Yugoslav Sculpture

## БИБЛИОГРАФИЈА
## BIBLIOGRAPHY


Црленјак, Бране
Видјели смо на XI сазиву илочке ликовен колоније
Вуковарске новине, Вуковар

Сосич, Бранко
Исповеди в немирни уметност
Дело, Љубљана, 9.VII.1987, 153, 22

Аноним
Изложба на Лилјана Ѓузелова
Нова Македонија, Скопје, 30.I 1990, 15451,9

Абаџиева, Димитрова, Соња
(ПРЕДГОВОР) Во: Лилјана Ѓузелова
Каталог: Скопје, Македонски народен театар, јануари 1990

Пирковска, Конча
Од волумен до плоха
Нова Македонија, Скопје, 17.II 1990, 15469,20

Милевска Сузана
Изложба од "Волумен до плоха" - скулптури
Млад Борец, Скопје, 7.III 1990

Пирковска, Конча
Делби и допири
Нова Македонија, Скопје, 6.IV 1991, 15469,20

Ѓуровска, С(офија)
Нови понирања во уметноста
Нова Македонија, Скопје 6.IV 1991, 15876,22

Ристовски, Ѓ.
Ликовна колонија под ведро небо
Нова Македонија, Скопје, 17.VII 1992, 16338,10

издавач - уметничка галерија скопје
одговорен уредник - драган бошнакоски
организација на изложбата - коста мартиновски
предговор - конча пирковска
биографија, библиографија и каталог - коста мартиновски
превод на англиски - жанета станоевска (предговор) и менка карапашовска
колор слајдови - ѓорѓи тричковски
ликовно обликување - денко матевски
печат - догер - скопје
тираж 300 примерока

publisher: art gallery - skopje
editor in chief dragan boshnakoski
organization of the exhibition: kosta martinovski
preface - koncha pirkovska
biography, bibliography and catalog - kosta martinovski
translated into english by - zaneta stanoevska (preface) and menka karapashovska
color slides - georgi trichkovski
lay-out - denko matevski
printed by doger - skopje
300 copies

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Климент Охридски" - Скопје

ЃУЗЕЛОВА, Лилјана

Лилјана Ѓузелова: Уметничка галерија Скопје, 12-28.12.1994 / (одговорен уредник Драган Бошнакоски; организација, биографија, библиографија и каталог Коста Мартиновски; предговор Конча Пирковска; превод на англиски Жанета Станоевска; ликовно обликување Денко Матевски)
Скопје: Уметничка галерија Скопје, 1994.
- (12) стр. : илустр. ; 21x21 см.
Тираж 300. - Текст на мак. и англ. јазик.